СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО

НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА



# Запознај се со Националната развојна стратегија



# ШТО Е НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА?

**Националната развојна стратегија (НРС)** е долгорочен стратегиски документ, во кој е **исцртан патот по кој** треба да се развива земјата и општеството во **следните 20 години.**

**Главна визија на стратегијата** е во наредните 20 години да се создаде амбиент во кој **сите жители во државата** ќе имаат подобар и поквалитетен живот, а за да се оствари оваа цел, потребен е **добар план**.




Оваа стратегија е токму тоа - план за подобра иднина. План за развој на општеството, кој ќе придонесе кон подобар живот за граѓаните, каде што ќе можат да учествуваат во одлучувањето што е добро за нив, а што не. За да се оствари овој план, потребен е заеднички договор што ќе обезбеди сигурност, еднаквост и предвидливост. Да знаеме дека она што ќе го направиме денеска, утре нема да биде заборавено туку продолжено и подобрено.

Затоа овој текст би го нарекле и приказна, **приказна за иднината**.

Во средината на приказната замислете си пат по кој сите можат да се движат со различна брзина, со различни возила, но сепак, секој да може да стигне до целта безбедно, без да биде загрозен од другите. **За да се одржува редот**, на патот има поставено правила, а за нивно почитување се грижат институциите на кои ние граѓаните сме им ја дале нашата доверба да се грижат еднакво за сите.

Откако ќе се обезбеди редот на патот, понатаму, за тоа каде ќе стасаме, **одлучуваме сите ние** со нашите постапки. Секој од нас треба одговорно да учествува во градењето подобра заедничка иднина, со нови идеи и предлози. Сите заедно мора да се грижиме и да го чуваме она што го имаме, но и да правиме заеднички планови за она што би сакале да го имаме во наредните пет, 10 или 20 години.



**Сите, без разлика дали сме млади или возрасни, без разлика каде живееме, сме дел од приказната и имаме свој придонес во испишувањето на оваа заедничка приказна.** Со Националната развојна стратегија имаме шанса во наредните 20 години барем дел од нашите соништа да ги направиме реалност. Затоа и во создавањето на оваа приказна, со цел да биде комплетна, учествуваа голем број граѓани, од различни возрасти, припадници на различни категории, групи, организации, политички партии.
Подготви се и ти да бидеш дел од оваа иднина и заедно да успееме приказната да ја направиме реалност.

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 20 ГОДИНИ - НАШАТА ВИЗИЈА



**Луѓето во Северна Македонија имаат висок животен стандард, реализирајќи се во економија, која е одржлива, конкурентна и нуди еднакви можности за сите.**



**Институциите се ефикасни, отчетни, одговорни, иновативни и отворени за граѓанско учество.**




**Заедниците во кои живееме се зелени, безбедни, отпорни на современите ризици, инфраструктурно поврзани и дигитализирани. Овие услови придонесуваат кон создавање основа за просперитетни млади и луѓе што се задоволни, среќни, здрави и активно стареат.**



**Уметноста и културата се столбовите на нашето општество и придонесуваат за подобрување на колективната благосостојба и на меѓународната перцепција за државата.**



**Нашата држава е активен и почитуван член на меѓународните организации и на регионалните иницијативи, каде што промовира вредности, норми и процеси што резултираат во подобрување на животот на сите луѓе.**

# КАКО ДОЈДОВМЕ ДО ОВАА ВИЗИЈА?

Со цел да креираме квалитетна Национална развојна стратегија, што ќе одговара на барањата и на интересите на сите граѓани, спроведовме **процес на консултации со различни групи граѓани**, од сите генерации, етнички заедници, професии, од сите региони во државата. Сите се поканети да учествуваат, да придонесат, за да се договориме и **заеднички да одлучиме како да изгледа иднината на нашата држава**.

За да го постигнеме ова, досега организиравме **над 50 визионерски работилници**, на кои учествуваа **повеќе од 14.000 граѓани**.

Организиравме **повеќе од 10 експертски дебати**, на кои присуствуваа **над 200 експерти**.



Во подготвувањето на НРС, **активно се вклучија**:

- Повеќе од **250 претставници** од сите министерства/агенции
- Повеќе од **50 пратеници** од власта и од опозицијата
- Повеќе  од **60 градоначалници** од општини на територијата на целата држава
- Повеќе од **30 национални експерти**, **10 меѓународни експерти**, како и **Македонската академија на науките и уметностите**
- Сите **стопански комори** и нивните членови
- **25 тинк-тенкови** и **100 граѓански организации**
- Повеќе  од **1.000 млади** и **55 младински организации**
- Повеќе од **500 претставници** од **маргинализираните и ранливите групи**

**Секој/а граѓанин/граѓанка** може да се информира и да се вклучи во процесот преку **дигиталната платформа** www.nrs.mk.

Овој план за иднината на нашето општество е сеопфатен и во него се вклучени предлози за подобар квалитет на животот на граѓаните од сите возрасти и план за сите области.

Визијата за иднината на нашата земја ги одразува сите наши стремежи, очекувања и согледувања за општеството што заеднички го посакуваме.



Планот ги опфаќа најголемите економски, политички, социјални и еколошки предизвици на нашата земја.

Секој е добредојден да придонесе во создавањето на овој план за иднината на нашето општество, без разлика на која генерација припаѓа, полот, етничката или партиската припадност или местото на живеење.

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НИЗ БРОЈКИ

## Население



Населението се намалува...

| 2002 | 2021 |
|---|---|
| 2.022.547 жители | 1.836.713 жители |

(Државен завод за статистика)

Очекуван животен век



77 години за жени



72 години за мажи

(Светска банка 2021)

Населението старее...

17,17% жители над 65 години



17,7% жители до 29 години

Територијата на државата е планинска...

- 80% од целокупната територија на државата се планини
- 20% се зарамнето ниско земјиште




Имаме многу населби, вкупно 1.767,



од кои градски 34



а селски дури 1.733

и 205 напуштени населби.

Северна Македонија има писмено население - 95,8%.





45,7% од населението е вработено, а ова се следните сектори со најголемо учество во БДП:



Поправка на моторни возила и мотоцикли



Трговија на големо и мало



Транспорт и складирање




Објекти за сместување и сервисни дејности со храна

# КАКО ЌЕ ЈА РЕАЛИЗИРАМЕ ОВАА НАША ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО?



За да ја оствариме оваа визија, ги поставивме следните цели, преку чие постигнување во целина ќе го оствариме посакуваниот развој на државата.

1. Зајакнување на конкурентноста и развојот на земјата преку **функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните**.

2. Модели на управување што се **отворени, отчетни и робусни**, способни да превенираат и соодветно да реагираат, поттикнувајќи просперитет за сите општествени групи.

3. Социјална инклузија што подразбира **подобрени социјални, здравствени и образовни системи** во насока на обезбедување придобивки за поединците, за бизнисите и за општеството во целина.



Со помош на граѓаните, за време на консултациите, идентификувавме **шест тематски и стратегиски области** на кои ќе треба да се фокусира Националната развојна стратегија. Овие шест области се:

✓ **Одржлива, иновативна и конкурентна економија**
✓ **Одржлив локален и регионален развој, кој обезбедува кохезија**
✓ **Демографска ревитализација и социјален и културен развој**
✓ **Владеење на правото и добро управување**
✓ **Сигурно, безбедно и отпорно општество**
✓ **Зелена трансформација**

За секоја од овие стратегиски области испланиравме повеќе цели, а секоја цел има и по неколку приоритети на кои ќе треба да се фокусираме. Исполнувањето на сите овие приоритети, ќе ни помогне да ги оствариме сите цели од стратегиските области, односно да ја реализираме нашата визија за иднината.

**Да се запознаеме подетално со секоја од стратегиските области:**

# СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ: ОДРЖЛИВА, ИНОВАТИВНА ИКОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА



Северна Македонија треба **активно да работи** на преод кон **одржлива економија заснована на знаење, иновации и дигитализација**, ова ќе овозможи да имаме **раст што се заснова на паметна специјализација, зелена трансформација, каде што науката, истражувањата, иновациите и претприемачката иницијатива се во фокусот на вниманието**.

Во таква економска реалност, компаниите работат на **развој на иновации и технологии**, создавајќи производи и услуги што го следат најсовремениот технолошки напредок. Вработените имаат **подобро платени работни места**, пристап до постојано образование и обука, како и висока квалификација.





Ќе видиме и **зелена револуција**, каде што бизнисите во државата ќе имаат **минимален еколошки отпечаток**, а институциите ќе даваат поддршка на иновации и на претпријатија што ќе воведуваат зелени решенија.

Со сето ова, **Северна Македонија** треба да прерасне во **активен промотор на иновации**, **одржливост** и **социјална вклученост** на меѓународно ниво.

# СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ: ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, КОЈ ОБЕЗБЕДУВА КОХЕЗИЈА







Преку **рамномерен регионален развој**, секој граѓанин, независно од местото на живеење, треба да има **еднаков пристап** до јавните услуги и до можности за подобар квалитет на животот.

За да се случи тоа, треба да се **подобрат условите** и во урбаните и во руралните средини, да се обезбедат **квалитетни и инклузивни јавни услуги** и да се гради инфраструктура што ќе овозможи еднакво висок квалитет на живот за сите граѓани. Од **голема важност** е да се изградат и да се одржуваат европските инфраструктурни коридори со модерна патна и железничка мрежа. Треба да се воспостави **дигитализирано и функционално** просторно и урбанистичко планирање за одржливи заедници, но и одржлив систем на долгорочно финансирање и изградба на отпорна капитална инфраструктура.





Општините треба да бидат **функционални и финансиски одржливи**. Тие треба да ги реализираат сите свои надлежности, да имаат силни сопствени извори на приходи, но и да добиваат пари од буџетот на државата врз основа на нивните активности и потребите на локалните заедници. Важно е и да се применува **родово одговорен пристап** во управувањето и буџетирањето во локалните самоуправи.







# СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ: ДЕМОГРАФСКА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН РАЗВОЈ



Во планот за иднината, државата ќе се фокусира на подобрување на **структурата** на населението и **социјалниот развој** на Северна Македонија. Целта е да создадеме **одржлива средина** во која сите луѓе и заедници можат да напредуваат.

Главните приоритети вклучуваат **рамнотежа меѓу семејните и професионалните обврски**, **развиена соработка со дијаспората** и **реинтеграција на повратниците**. Целта е да се осигури достапно и квалитетно домување, да се управува со внатрешните и со надворешните текови и да се постигне **здрав и среќен живот**.














Потребни се иницијативи како **превентивна здравствена заштита**, **развиени јавни социјални услуги** и финансиски стабилни планови за **пензиско осигурување**. Во областа на образованието, **задолжително претшколско образование**, подобри резултати од учењето во формалното образование, како и развиени **културни и креативни индустрии.**

Целиме кон општество засновано на **знаење, критичко размислување** и **вредности** што ќе бидат препознаени и одржани во иднина.

# СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ: ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ



Република Северна Македонија да стане дел од Европската Унија со целосно **почитување** на основните слободи и права на граѓаните. Сите наши институции - Собранието, извршната власт и судството треба да функционираат според **европските стандарди** и да бидат **ефикасни, транспарентни** и **одговорни**.

Северна Македонија да биде земја во која не само декларативно туку и **вистински, сите ќе имаат еднакви можности** за напредок и квалитетен живот. Преку оваа стратегија, државата ќе вложи во добро управување, заштита на правата и развиен правен систем со високо ниво на доверба.





Да се зајакнат **демократските процеси**, учеството на **граѓаните** во носењето политички одлуки и **одговорност на јавните служби.** Државата да биде **транспарентна** во владеењето и спроведувањето на законите. Целта е да се бориме **против корупцијата**, да имаме **независни судови** и да обезбедиме право на сите граѓани за еднаквост и праведност.

Ќе се почитуваат различностите, каде што сите граѓани ќе имаат соодветна **заштита на своите права**, секој ќе може да учествува во обликувањето на заедницата со своите идеи и учество. Ова може да ни обезбеди **посилно, инклузивно и одржливо општество** каде што сите ќе можат да уживаат во **подобар квалитет на живот** и социјална сигурност.



Сите овие работи ќе се постигнат и преку одржување на **слободата на говор** и **слободата на медиумите**, како клучни фактори во објективно, точно и навремено информирање на граѓаните, како и **процесот на дигитализација** што ќе помогне во достапноста на информациите и отчетноста на институциите.

# СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ: СИГУРНО, БЕЗБЕДНО И ОТПОРНО ОПШТЕСТВО

- Државата се залага за отпорни институции и соработка во сите важни сектори за безбедност и развој на земјата. Целта е соработка и споделување информации во рамките на националната безбедносна рамка со клучните донесувачи на одлуки.
- Целта е креирање заедници отпорни на климатски промени, со фокус на спречување ризици од катастрофи и развој на функционален систем за рано предупредување. Се стремиме кон изградба на отпорна инфраструктура и услуги на национално и на регионално ниво.
- Државата ќе го поддржи процесот на адаптација кон климатските промени, обезбедување подготвеност, одговор на климатските ризици и изградба на отпорна локална и регионална инфраструктура.
- Националната развојна стратегија се фокусира на човековата безбедност и подобрување на отпорноста на заедниците и на населените места. За постигнување на овие цели, ќе се донесе интегриран државен пристап за успешно справување со ризици и закани.



Најважниот аспект за општеството е да биде **отпорно на кризи и на катастрофи**. Затоа, се поддржува **модерен концепт** за создавање безбедносна политика, **контролна функција** на Собранието за создавање и спроведување на безбедносната, одбранбената и надворешната политика. Генералниот штаб на Армијата, дел од Министерството за одбрана, има цел да биде **сигурен и еднаков сојузник на НАТО**.

# СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ: ЗЕЛЕНА ТРАНСФОРМАЦИЈА



Северна Македонија има **важна мисија** во оваа област - да стане **пример** во заштитата на природата и на животната средина.

Една од целите е да се изгради општество што не ѝ штети на околината, туку го чува и го подобрува нејзиното богатство. Во визијата, главниот фокус е на подигнување на свеста кај луѓето за значењето на **чиста енергија** и како таа може да ни го **подобри животот**.

Од суштинско значење е и **заштитата на биолошката разновидност**, каде што се обврзуваме да ги **заштитуваме** природата и животинските видови. Одржливите земјоделски практики и користењето еколошки технологии, се дел од стратегијата за **подобрување на агрокултурата и заштитата на нашите ресурси.**



Зелената трансформација се фокусира и на **обнова на системот за управување со отпад**. Со воведување стандардизирани депонии и зголемување на рециклирањето, ќе се стремиме кон **намалување на негативното влијание** на отпадот врз нашата животна средина.

Ќе се трудиме да ги намалиме емисиите на штетни гасови, да го **подобриме квалитетот на воздухот** и да поставиме стандарди за чист и здрав начин на живеење. Од особен интерес е и **енергетската ефикасност**, каде што граѓаните и компаниите го прифаќаат енергетскиот избор за **подобрување на општеството**.

Со овие напори и со **активната поддршка на луѓето**, Северна Македонија ќе се стреми кон **балансиран и одговорен пристап кон околината** за да живееме во хармонија со природата и да ги чувствуваме поволностите од зелениот развој.

# КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ФАКТОРИ, НАШИТЕ НАЦИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И КАПАЦИТЕТИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ НЕГУВАМЕ И КОИ ЌЕ ОВОЗМОЖАТ ДОЛГОРОЧЕН ПРОСПЕРИТЕТ НА НАШАТА ЗЕМЈА?



1. **Одржување макроекономска стабилност**



**2. Силни институции насочени кон потребите на граѓаните.**



**3. Територијална организација и функционална децентрализација**



**4. Инклузија и социјална кохезија**



**5. Приспособување и адаптирање на климатските промени и успешно справување со еколошките проблеми**



**6. Политички консензус за клучните стратегиски правци на развојот**



**7. Управување и користење податоци, технологии и висок степен на дигитализација**

## КАКО МОЖЕШ И ТИ ДА ПРИДОНЕСЕШ КОН ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ВИЗИЈА?

И ти можеш да се вклучиш, да ни помогнеш и да придонесеш кон исполнувањето на оваа визија за идните 20 години на нашата држава. Прво што можеш да направиш е **секогаш да ја имаш оваа визија на ум**. Секогаш кога ќе носиш некоја значајна одлука, помисли убаво и размисли дали со таа одлука нè доближуваш кон оваа визија. Ако сите луѓе размислуваат како тебе и го дадат својот придонес, оваа визија лесно ќе ја оствариме.

Но, имаме и **дополнителни совети** за тебе за да ни помогнеш да ја исполниме нашата заедничка визија:

✓ Давај **сè од себе** за време на твоето образование
✓ Научи **што е можно повеќе**
✓ Образованието **е основа за сè** што ќе правиш во иднина
✓ **Негувај** континуирано учење
✓ Остани **љубопитен/љубопитна** и **отворен/а** за нови идеи и перспективи
✓ Практикувај **одржливост во секојдневниот живот**, рециклирај го твојот отпад и намали ја потрошувачката на енергија
✓ Негувај еколошка свест, **намали ја употребата на пластика** за еднократна употреба и користи еколошки производи
✓ Научи **правилно да ги раководиш личните финансии** и носи информирани одлуки за твоите заштеди и инвестиции
✓ **Купувај локално**, поддржи ги локалните бизниси
✓ Негувај ги твоите п**ретприемачки вештини** и размисли за започнување **сопствен**, одржлив бизнис
✓ Внимавај на твоето **ментално и физичко здравје**
✓ **Прифати ја различноста** и промовирај културно разбирање
✓ Користи ја технологијата одговорно и **биди свесен** за нејзиното општествено влијание
✓ Остани **информиран/а за општествените прашања** и **вклучи се** во разговори со кои ќе се подигне свеста
✓ Вклучи се во **проекти и иницијативи на локалната заедница**
✓ Биди добро информиран/а за политичките прашања и политиките **што влијаат врз твојата заедница**
✓ **Застапувај се** за транспарентност, отчетност и добро владеење
✓ Приклучи се на платформата, прочитај ги документите и следи го развивањето на стратегијата.



# СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО

НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

